РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-5135/1
17-11-2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 54-та седница одржано на ден 02.11.2021 година ја донесе следната

**Одлука**

Пријавата број 09-894/1 од 05.02.2020 година доставена од непознат подносител, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-894/1 од 05.02.2020година.

Предметот со број 09-894/1 од 05.02.2020година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 09-894/1 од 05.02.2020 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител против лицето --------------, директор на детската градинка „-------" ------, со наводи дека ја злоупотребила својата службена положба и овластувања при изборот на кандидатот за негувател по јавен оглас од декември 2019 година ја избрала ----------- - внука на сопругот на директорката --------------.

Исто така во пријавата е наведено дека лицето -----------, прва братучетка на градоначалникот на општина -------------- исто така е вработена во детската градинка „-------" -------- - Скопје.

По разгледување на пријавата, ДКСК утврди дека во конкретниот случај нема елементи за надлежно постапување од причина што наведените лица не се блиски лица согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, како и поради фактот што вработувањата се случени во декември 2019 година, односно времето за преземање мерки од надлежни институции е изминато.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК.
Изработил: Е.М, советник
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk